ОПШТИНСКИ
# ИНФОРМАТОР
ГЛАСИЛО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Бр. 3 - Ноември 2018

ул.Свети Јоаким Осоговски бр.175 тел. 031 375 035 opkp@krivapalanka.gov.mk www.krivapalanka.gov.mk

## Стипендии за шеснаесет нови стипендисти од Крива Паланка

Осум нови стипендисти-талентирани ученици и студенти и осум стипендисти талентирани спортисти ги потпишаа своите договори за стипендија со давателот на стипендија Општина Крива Паланка.



Стипендиите се доделени врз основа на распишаниот Конкурс за доделување на стипендии за талентирани ученици и студенти за учебната 2018/2019 година и распишаниот Конкурс за доделување на стипендии за спортисти-ученици од основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и средните училишта од Р.Македонија за учебната 2018/2019 година. Стипендиите се во висина од 3.000 денари месечно, а се исплатува 9 (девет) месеци во годината.

Општината врз основа на распишаниот Конкурс за субвенциониран превоз и согласно склучениот Меморандум за соработка со АДПТУ „Пролетер“ додели и субвенција за четири студенти кои студираат на државните универзитети во Скопје. Субвенционирањето е со два повратни месечни билети за тековната студиска година со можност истите да продолжат да ги користат субвенциите и во наредната година врз основа на исполнетост на одредени услови.



## ЕУ за ТЕБЕ во Крива Паланка

Во Општина Крива Паланка се одржа работилница за финансиската поддршка што ја овозможува ЕУ, под наслов „ЕУ за ТЕБЕ'' .

Во првиот дел од работилницата г. Никола Бертолини, раководител на секторот за соработка на делегацијата на Европската Унија, пред присутните ги претстави можностите за финансирање што ги нуди ЕУ, како и начините за нивно користење. Господинот Бертолини ги претстави Програмите на ЕУ за поддршка на локалните власти, граѓанското општество, бизнисите, асоцијациите на фармери и за локалните засегнати страни, со акцент на регионалното и локалното портфолио на проекти од ИПА1 и ИПА2.



Во вториот дел од работилницата амбасадорот на ЕУ, Самуел Жбогар, оствари средба со граѓаните на Крива Паланка, на која се разговараше за поддршката и фондовите кои ги овозможува ЕУ.

## Откуп на публикации и продукции од локални автори



На Конкурсот за откуп на самостојно реализирани публикации и продукции од локални автори беа пријавени вкупно 11 автори од различни категории и со нив се потпишаа Договори за грантирање од страна на Општина Крива Паланка.

Откупени се публикации и продукции од Александар Михајловски, Кристина Илиевска, Светлана Лазаревска, Христијан Цековски, Оливера Станковска, Ленче Максимовска, Ирена Стевановска како и од Центар за аудиовизуелни уметности.

- Мене ми е чест и задоволство што голем број на локални творци ја препознаа оваа идеја како начин на кој сите ние заедно го збогатуваме културниот живот и ја промовираме општина Крива Паланка во најдобро светло, и затоа се одзваа на повикот за учество во оваа активност, каде ги покажаа резултатите од вложениот труд и личниот уметнички израз, изјави градоначалникот Мицевски.

Општина Крива Паланка е единствена во државата која се одлучи на ваков тип на поддршка на творештвото на креативните луѓе од локалната заедница. Досега, ваков тип на активности реализираше само Министерството за култура.

## Жителите на село Луке ќе добијат ново и квалитетно водоснабдување

Деновиве се започна со изградба на нова водоводна мрежа за потребите на жителите од населбите Просарци, Камењарци и Мачорци во с.Луке, Крива Паланка.



Делницата на примарната мрежа за водоснабдување е во должина од 1 700 метри, а реализацијата на овој проект е финасирана од Програмата за управување со водите преку Министерството за животна средина и просторно планирање и Општина Крива Паланка.



Согласно потпишаните Договори, изведувач на работите е градежната оператива на „Лабино Трејд " од Гостивар, а надзор на работите е „ВЕИНГ ДООЕЛ"-Скопје.

Поставувањето на оваа водовдна мрежа е од витално значење за населението од овој крај и претставува основен предуслов за подобрување на условите за живот.



## Градежни активности за асфалтирање на патниот правец кон с.Трново

Општина Крива Паланка започна со градежните активности за асфалтирање на дел од патниот правец кон с.Трново во должина од 500м.



Активноста се реализира преку Центарот за развој на Североисточниот плански регион, и е дел од третатта фаза од проектот насловен како „Подобрување на условите за рурален развој, развој на туризмот и мобилноста во Североисточен плански регион".

Изведувач на градежните работи е фирмата „Стоименов ДООЕЛ" од Кочани.



## Превентивни активности за заштита од поплави

Општината Крива Паланка со ангажирање на пет невработени лица во текот на овој месец спроведе чистење на голем број објекти за одведување и пропуштање на атмосферски води, како дел од превентивни дејства за заштита од поплави, а со цел создавање на услови за нормално истекување во случај на појава од поголеми води во населбите.



Се изврши чистење на отворени канали, цевчести пропусти, сливници и други објекти од акумулиран земјен материјал и разновиден отпад. Во овие активности се исчистени над 30 водопропустни и одводни објекти, од кои се извадени над 90 м3 на материјал.

## Санација на калдрмата во градот

Општина Крива Паланка, постапувајќи по барања на граѓани од неколку населби, преку ангажираните работници за јавни работи, започна активности за санација на калдрмата на одредени улици во неколку населби во градот.



Се санираше состојбата на калдрмата во Спротивска маала или т.н Трновска маала, а се започна со активности во населба Единство.

Од надлежните служби е направено согледување на состојбите на вакви улици и во другите населби чие санирање ќе се спроведе етапно во наредниот период.

## Асфалтиран дел од улицата „Лисец"



Извршено е тампонирање и асфалтирање на дел од улица „Лисец", во должина од 165 метри и ширина околу 3.5 метри, со што е овозможен квалитетен пристап до домовите на локалното население.



## Поставување на вертикална сообраќајна сигнализација

Во насока на подобрување на безбедноста во сообраќајот, а во рамките на Годишната програма за работа на Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина, Општина Крива Паланка пристапи кон редовно поставување на вертикалната сообраќајна сигнализација.




Сигнализација се поставува на улицата „Свети Јоаким Осоговски“ и на постоечките улици во градот опфатени со Основниот сообраќаен проект.



## Спортскиот центар во Крива Паланка со нова пристапна улица

Општина Крива Паланка во рамки на своите активности за изградба и одржување на комуналната инфраструктура изврши асфалтирање на пристапната улица кон спортскиот центар.

Асфалтиран е пристапот од спортската сала „Бранители 2001“ до спој со улицата „Свети Јоаким Осоговски“, со должина од 300 метри и ширина 3,5 – 4,5 метри.



Асфалтирана е површина наменета за паркирање покрај повеќенаменското игралиште со површина од 120 м2.

## Активности преку проектот „Цело е кога има се“ од Програмата за општинско-корисна работа

Општина Крива Паланка успешно го спроведува проектот „Цело е кога има се“, кој е дел од Програмата за општинско корисна работа за 2018 година, поддржана од УНДП, МТСП, АВРМ и Општина Крива Паланка.

Проектот „Цело е кога има се“ вклучува три активности:



**Првата активност** опфаќа седум образовни асистенти за деца со одреден вид на попреченост во редовниот процес на образование.

**Втората активност** опфаќа еден социјален работник во Дневниот центар за лицата со интелектуална попреченост, со организирање на дополнителни активности на лицата кои секојдневно ја посетуваат установата.

**Третата активност** во проектот опфаќа лице кое е вклучено во програмата како терапевт масер, а е со одреден вид на попреченост (100% слепило).



Третата активност опфаќа и четири негователи за стари лица во руралните населби кои даваат услуги на 50 стари и изнемоштени лица. Тие во домашни услови овозможуваат дружење и комуникација со лицата, морална и советодавна помош, спроведуваат превентивни здравствени активности како и помагаат во обавувањето на разни домашни потреби.



## Промоција на флаери за планинарски патеки на Осоговските Планини

Во рамки на завршната активност од проектот ,,Планинарски патеки'', планинарскиот клуб ,,Руен'' од Крива Паланка оддржа промоција и презентација на флаери за пет планинарски патеки во реонот на Осоговските Планини.

Овој проект има за цел, развој на планинарството, планинарските спортови и планинарскиот туризам во подрачјето на Осоговските Планини.

Претставени се патеките „Станечки Водопади“, „Руен“, „Царев Врв“, „Расовец“ и „Рударска патека“, кои се маркациски уредени согласно Правилникот на ФПСМ и се влезени во Европската карта на планинарски патеки.



Проектот финасиски е поддржан и се имплементираше со средства од Буџетот на Општина Крива Паланка, наменети за поддршка на здруженија и фондации.



## Археолошки истражувања на локалитетот „Градиште“ во с. Градец

Истражувањата на овој археолошки локалитет се во рамките на проектот „Заштитни археолошки истражувања на археолошки локалитет –Градиште во с. Градец 2018 “, кој е финансиран од Министерството за култура во рамките на Годишната програма за проекти од национален интерес во културата.
Активностите се резултат од повеќегодишните напори на ЛУ Градски музеј, за истражување на локалитетот, негова валоризација и туристичка презентација во контекст на туристичкиот комплекс во с. Градец.







## Отворен Извиднички музеј во Крива Паланка

Во просториите на ИО Наум Наумовски Борче – Крива Паланка беше пуштен во употреба и првиот Извиднички музеј во државата, а по повод 58-годишнината од формирањето на одредот.



Општината ја подржа реализацијата на овој проект, кој беше аплициран по Јавен повик за поддршка на здруженија и фондации.

## Градскиот оркестар „Алегро“ со награда од Детскиот креативен фестивал „Ние зборуваме руски“




Младите музичари од градскиот оркестар „Алегро“ од Крива Паланка, под раководство на проф. Лариса Жулина-Митовски настапија на Детскиот креативен фестивал „Ние зборуваме руски“, кој се одржа на 27 октомври во ОУ „Димитар Миладинов“ во Скопје, каде ја освоија втората награда, во конкуренција на млади уметници од повеќе градови од Македонија и од Германија.

Низата признанија и награди, кои ги освои во изминатиот период Градскиот оркестар „Алегро“, докажуваат дека проектот за негово функционирање, финансиски поддржан од Општина Крива Паланка, е од големо значење за развивање на музичката култура кај младите и нејзина промоција на државно и меѓународно ниво.

## ООУ „Јоаким Крчовски” по вторпат партнер во меѓународен проект ИДНИНА преку програмата Erasmus+




ООУ „Јоаким Крчовски” – Крива Паланка по вторпат е училиште партнер во меѓународен проект **ИДНИНА** (FUTURE) преку програмата Erasmus+.

Главен координатор на проектот е Португалија, а проектот ќе трае две години односно до 31.08.2020 година. Во рамките на проектот се вклучени основни и средни училишта од ***Португалија, Турција, Литванија, Полска*** и ***Македонија***.
Проектот е финансиран од Националната агенција за Европски образовни програми и мобилност.

Erasmus+

NATIONAL AGENCY for European Educational Programmes and Mobility